„,О, Божји пратенику, ние го сметаме џихадот за најдобро дело. Зарем да не учествуваме во него?‘ Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, одговорил: ‚Не, но најдобриот џихад е исправно извршениот хаџ.‘“

Од Аиша, мајката на верниците, радијаллаху анха, се пренесува, дека кажала: „,О, Божји пратенику, ние го сметаме џихадот за најдобро дело. Зарем да не учествуваме во него?‘ Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, одговорил: ‚Не, но најдобриот џихад е исправно извршениот хаџ.‘“

[رواه البخاري] [صحيح]

Асхабите, Аллах нека е задоволен со нив, го сметале џихадот на Аллаховиот пат и борбата против непријателите за едно од највредните дела. Поради тоа, Аиша, Аллах нека е задоволен со неа, го прашала Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем: „Дали и ние (жените) треба да учествуваме во џихадот?“ Тогаш, Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, им укажал на жените за најдобриот џихад за нив, а тоа е исправно извршениот хаџ, кој е во согласност со Куранот и Сунетот, чист од гревови и преправање.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/2759